ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-196/1

Дата: 05.02.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност на Народната банка на Република Македонија (Народната банка).
Изразено е мислење без резерва за прикажаните План за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација со важечката законска регулатива и за усогласеноста на трансакциите и активностите рефлектирани во истите со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на инвестициите и на финансискиот план за 2009 година на Народната банка на Република Македонија во делот на оперативните трошоци и нивна реализација и за истите е издаден извештај во кој е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финасиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Ревизијата истакнува постоење на нагласувања на неизвесност и континуитет во врска со испразнетото место во Советот на Народната банка на Република Македонија.

Во делот на останати прашања ревизијата ги обелодени следните состојби:

- потреба од усогласување на одредби на Законот за Народната банка на Република Македонија и Законот за државната ревизија и
- иницијативата на Народната банка за ослободување од примена на Законот за јавни набавки во делот на набавката на банкноти, монети, рондели, алат и машини за ковање монети и машини за броење, обработка и селекција на пари, како специфични набавки за чие извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**1.Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година од страна 8 до 9 и нивната реализација заедно со ревизија на усогласеност на Народната банка на Република Македонија.

1.2. Ревизијата на приложениот План за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година година од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за инвестициите и на финансискиот план за 2009 година на Народната банка на Република Македонија во делот на оперативните трошоци и нивна реализација и за усогласеност со закони и прописи на Народната банка на Република Македонија за 2009 година и е изразено мислење без резерва во однос на објективно и вистинито прикажување и мислење со резерва во однос на усогласеноста на финасиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на раководството за финансиските извештаи
Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на Народната банка на Република Македонија застапувано од:

- м-р Димитар Богов, гувернер од 21.05.2011 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација на Народната банка се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план во делот на оперативните расходи за 2014 година и нивната реализација. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали инвестициите и оперативните расходи на Народната банка на Република Македонија за 2014 година се во согласност со Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2014 година.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2014 година и нивната реализација е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2014 година и нивната реализација кои се предмет на овој извештај се засновани според применливата законска регулатива за нивно изработување.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 28.10.2015 до 18.12.2015 кај Народната банка на Република Македонија од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година - спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре, опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на инвестициите и на финансискиот план за 2009 година на Народната банка на Република Македонија во делот на оперативните трошоци и нивна реализација, при што констатиравме дека е постапено по дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Народната банка одржан на ден 18.12.2015 година.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 5. Ревизорско мислење

Според наше мислење, Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2014 година и нивната реализација во сите материјални аспекти се прикажани во согласност со важечката законска регулатива.

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во Планот за инвестиции во основни средства и Финансискиот план за 2014 година и нивната реализација во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Со Народна банка управува Советот на Народна банка кој се состои од девет члена од кои еден е гувернерот и три вицегувернери со статус на извршни членови и пет неизвршни членови. Неизвршните членови учествуваат во одлучувањето во Советот на Народна банка а ги именува Собранието на предлог на Владата на Република Македонија. Во 2008 година именуван е еден член на Советот и во 2012 четири члена. На 30.01. 2015 година, по истекот на седум години, мандатот на еден неизвршен член на Советот престанува. Со допис на Народната банка од 19.12.2014 година известена е Владата на Република Македонија за истекот на мандатот на еден член на Советот на 30.01.2015 година и побарано е да се покрене постапка пред Собранието на Република Македонија за именување на неизвршен член на Советот. Согласно член 55 од Законот за Народната банка на Република Македонија[1], испразнето место во Советот на Народна банка се пополнува најдоцна во рок од 60 календарски дена од испразнувањето со именување на нов член на Советот на Народна банка со мандат од седум години. Ревизијата истакнува дека до денот на известување од извршената ревизија, испразнетото место во Советот не е пополнето. Советот на Народна банка на Република Македонија почнувајќи од 30.01.2015 година заседава со осум, а не со пропишаните девет членови, што може да има влијание врз работата и донесувањето на одлуките на Советот на Народна банка.

6.2. Народната банка за потребите на сметководствената евиденција користи софтвер набавен во деведесетите години кој во текот на годините е надградуван и адаптиран согласно потребите. Во 2009 година во постапка со преговарање изработено е Проектно решение за набавка на нов интегриран систем за сметководствена евиденција. Во јули 2011 година склучен е договор за набавка на Софтвер за интегриран сметководствен систем врз основа на спроведена јавна набавка со Отворена постапка. До крајот на 2013 година со економскиот оператор склучени се анекси кон договорот со кои во најголем дел се менувани консултантите на проектот, крајниот рок за имплементација на софтверот и доставувањето на новите банкарски гаранции поради пролонгирање на роковите на неговата имплементација. Со допис од јули 2014 година до економскиот оператор, Народната банка го раскинала договорот, вратен е дадениот аванс за набавка и активирана и наплатена е банкарската гаранција со што се анулирани финансиските импликации за набавката на софтверот. Во јуни 2015 година, започната е нова постапка за јавна набавка на

[1] „Службен весник на РМ" број 158/10, 123/12, 43/14 и 153/15

интегриран сметководствен систем за доделување на договор за јавна набавка во ограничена постапка, за која во август 2015 година е спроведен технички дијалог. Во декември 2015 година започнати се активности за поништување на одлуката за јавна набавка со што набавката на новиот софтвер за сметководствена евиденција е одложена за наредниот период.

## 7. Останати прашања

7.1. Во став 1 член 67 од Законот за Народната банка на Република Македонија е пропишан мандатот на државната ревизија: …………„*без да ја загрози независноста на Народната банка и независно од активностите на друштвото за ревизија, Државниот завод за ревизија врши ревизија на Народната банка во делот на трошоците за инвестиции и оперативни трошоци и подготвува извештај што го доставува до Собранието на Република Македонија*“……. Ревизијата има обврска да укаже на терминот: „трошоци за инвестиции“ која се користи во законот. Имено сметководствената евиденцијата и рамката на финансико известување на Народната банка е согласно МСС и МСФИ, на пресметковна основа, со која инвестиционите активности, односно набавката на недвижности, постројки и опрема се признаваат како средства и не преставуваат трошок за Народната банка освен нивната годишна амортизација (нивниот годишен отпис). Исто така во ставот 2 од истиот член е пропишано: …….„*копии од извештаите што се доставени до Собранието на Република Македонија, Државниот завод за ревизија доставува до Народната банка*„…….. Во член 22 од Законот за државната ревизија е пропишана обврската на Државниот завод за вршење на ревизија меѓу останатите субјекти и на Народната банка на Република Македонија, без да се ограничи делокругот на вршење на ревизијата. Постапката за доставување на Конечен извештај е пропишана во членовите 30, 31 и 32 од Законот за државната ревизија и не е идентичен со пропишаниот во Законот за Народната банка.

Горенаведеното укажува дека е потребно да се изврши усогласувањето на членот 67 од Законот за Народната банка и членовите 22, 30, 31 и 32 од Законот за државната ревизија, со цел единствено постапување.

7.2. Во декември 2011 година од страна на Народната банка започната е иницијатива за измена на член 7 од Законот за јавни набавки за ослободување од примена на истиот во делот на набавката на банкноти, монети, рондели, алат и машини за ковање монети и машини за броење, обработка и селекција на пари, со оглед на фактот дека се работи за специфични набавки за чие извршување на договорот се потребни посебни безбедносни мерки и постапки согласно со важечките прописи.